Глобалната заедница поддржана од

# Google for Entrepreneurs, Startup Grind, доаѓа во Скопје!

| Организирано од Clear View Business Training Center |




- Сакате да научите практично како се прави успешен бизнис или производ?
- Да ги слушнете приказните на некои од најинспиративните и успешни претприемачи и иноватори од Македонија? Да научите од грешките кои тие ги направиле?
- Имате идеја но, тешко е и не сакате да почнете сами. Барате партнер и инвеститор да ја реализирате?
- Што велите да бидете дел од глобалната заедницата на претприемачи поддржана од Google?

**Добри вести:**
Clear View BTC во Скопје го носи Startup Grind, заедница за претприемачи поддржана од Google for Entrepreneurs.

Што некои од светски најпознатите медиуми велат за Startup Grind?

- TechCrunch го нарекува "mind blowing"
- Mashable велат "Настанот кој мора да го посетите"
- WSJ, "Инспиративно, фантастично"!

Бидете дел од првиот Startup Grind настан во Скопје!

## Што е Startup Grind?

Размислувајте како TED за луѓе кои работат на развој на бизнис.

Startup Grind е глобална заедница која едуцира, поврзува и инспирира претприемачи.
Поддржана е од Google for Entrepreneurs.
Активна е во 85 градови низ светот. Меѓу другите, говорници биле основачот на Pinterest, LinkedIn, Digg, Meetup, Basecamp, и познатите Steve Blank и Clayton Christensen.

Повеќе за Startup Grind може да прочитате на Forbes, Techcrunch, The Wall Street Journal како некои од светски најпознатите медиуми за бизнис, технологија и економија.

## Што е Startup Grind Скопје?

Startup Grind Скопје е локално претставништво на глобалната Startup Grind заедница.
Во Скопје го организира Clear View BTC, лиценциран бизнис тренинг центар.
Целта на Startup Grind Скопје е да се поврзат сите луѓе кои работат (или имаат аспирација да работат) на креирање на успешни бизнис приказни во Македонија.

Може да прочитате повеќе на Факултети и It.com.mk.

## Што да очекувате?

Подгответе се за месечни настани на кои:

- ќе споделуваме интересни приказни од иноватори, претприемачи и едукатори. Секој настан е комбинација на вмрежување со храна и пијалоци за сите и „fireside chat" - презентирање на сочните практични детали од развојот на една бизнис приказна. Секој месец ќе имаме различен инспиративен говорник.

- ќе поврзуваме бизнис партнери, клиенти, поддржувачи, инвеститори...
- ќе развиваме пријателства и вредни конекции.

## Настаните се особено интересни за:

- претприемачи
- менаџери и сопственици на бизниси
- луѓе кои имаат или бараат идеја да развијат во бизнис
- ИТ професионалци
- дизајнери и маркетинг нинџи
- инвеститори

## Скопје не е Силиконска долина за бизниси. Затоа и ваква заедница е многу важна.

Философијата на Startup Grind е дека не мора да живееш во Силициумската долина да бидеш основач на брилијантна компанија. Такви примери има насекаде во светот - само треба да ги пронајдеме, и да им дадеме можност да ја раскажат приказната пред луѓе кои може да имаат вредност од тоа.

Ние, во Clear View BTC, работиме во Скопје и Македонија да креираме еден екосистем во кој фокус ќе ставиме на инспирирање, поддршка и едукација за успешни бизнис примери. Веќе 9 години им помагаме на бизнисите, претприемачите и менаџерите со високо квалитетни тренинг и консултантски услуги според светски докажани програми како Adizes, HubSpot...

Startup Grind Skopje е најновата програма поддржана од Google for Entrepreneurs, која советуваме никако да не ја пропуштате!

## Кога е првиот настан? 3 јуни, вторник

Забележете во календарите: првиот настан е на 3 јуни, вторник, 17.30 - 20.30 часот.
Се одржува во просториите на Matrix Global во Скопје, наши спонзори за настанот, Февруарски Поход” бр 46, 1кат.

Говорник е Иван Димоски (@medodimoski), од тимот на TweetsPie, една од најуспешните андроид апликации, победник на Droidcon Eastern Europe 2013.



Теми на кои ќе зборуваме:

- Како се формира тим кој победува?
- Кои се проблемите на патот од идеја до реализација?
- Кога градите прв прототип, како да знаете на кои функционалности да се фокусирате?
- Корисничко тестирање: како да ги вклучите корисниците во процесот на развој на решение?
- Како да направите глобален импакт и за Вашиот производ да зборуваат на The Nex t Web и Forbes, како некои од светски најпознатите медиуми за бизнис и технологија?

Ќе има и изненадување: „pitch” на нова бизнис идеја.
Во настанот е вклучен коктел и вмрежување.

## Како да се регистрирате?

Спакувајте ја Вашата позитивна енергија и желба да успех, и подготвени сте за првиот Startup Grind Skopje настан.

Да резервирате билет Ве чекаме да се регистрирате на формуларот достапен најдолу на страницата. Билетите чинат 490 денари.

**За сите прашања сме тука на** info@clearview.com.mk **или 2 461 477, 070 29 44 19**

Може да одите на кино и пуканки. А, може да дојдете и да бидете дел од настанот со луѓе кои ја креираат македонската успешна бизнис сцена.

Лице за контакт Ирена Ефремовска, директор на Starup Grind Skopje при
Clear View BTC, 2 461 477 и 070 29 44 19, info@clearview.com.mk и Фејсбук

Локални партнери: SEMOS education, matrix global development and QA centers, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje FACULTY OF COMPUTER SCIENCE AND ENGINEERING